# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ДИГЕСТИВНА ХИРУРГИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП

Со Одлука бр. 2002-170/62 од 16.9.2016 година донесена на 167. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област дигестивна хирургија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Утрински весник", „Нова Македонија" и „Коха" на 2.9.2016 година. Во предвидениот рок се пријави кандидатот д-р Александар Митевски, доктор на медицински науки – клиничка медицина, вработен во Клиничка болница во Штип.

Врз основа на приложената документација на кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Александар Митевски** е роден на 19.10.1974 во Скопје. Студиите на Медицинскот факултет во Скопје ги започнува во 1993/1994 година, а ги завршува во 2000 година со просечна оценка 8,5. Во 2000 година работи како професор по предметот Превентивна медицина и нега во Средно медицинско училиште „Јане Санадански" во Штип, во 2001 година работи како лекар во амбуланта во АРМ, а од 2002 година во Итна медицинска помош во Штип. Во 2004 година е префрлен на Хируршкото одделение во Општа болница во Штип. Во октомври 2004 година започнува специјализација по општа хирургија на Медицинскиот факултет во Скопје, која ја завршува во јануари 2009 година. Суспецијализацијата по абдоминална хирургија ја започнува во февруари 2012 година, а ја завршува во март 2014 година. Учествува на повеќе курсеви и едукативни престои: 2010 година престојува на петнеделна обука за итни хируршки интервенции и лапороскопска хирургија под менторство на Dr. Nurullah Zengin во Numune Hastanesi во Анкара, Турција; во 2012 година завршува еднонеделен курс за HTA (Health technology assessment) во Лугано, Швајцарија; во 2014 завршува ATLS (Advanced Trauma and Life Support) course, 28 часа обука со координатор John Francis во Скопје; во 2015 година завршува курс за напредна колоректална лапароскопска хирургија во Риека, Хрватска.

Во 2011 година се запишува на докторски студии на Медицинскиот факултет во Скопје, кои ги завршува во 2016 година и се стекнува со звање доктор на медицински науки од областа на клиничка медицина, на тема „Лапароскопска наспроти отворена ингвинална херниопластика – инфламаторен одговор и ран клинички исход".

За асистент по предметот Хирургија е избран во 2009 год. на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, каде што редовно ги извршува обврските во практичната настава од предметот Хирургија и клиничко иследување.

Активно го познава англискиот јазик, а пасивно рускиот јазик.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање доцент***

***Доктор на науки од областа на медицински науки - клиничка медицина*** (8 јули 2016 година, Медицински факултет – Скопје).

Остварен просечен успех од 8,50 од студиите на Медицински факултет – Скопје.

Објавени најмалку четири научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации.

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Antovic S, **Mitevski A**, Karagjozov A, Kuzmanovska B, Jankulovski N | New technique of compression anastomosis in colorectal surgery – first results in 25 patients in Macedonia | Contributions; 2016.XXXVII 1: 75-83 | 1969 (47) |
| 2 | **Mitevski A**, Pop Dimitrov A, Jankulovski N.. | Primary diffuse large B cell lymphoma of the common bile duct: a case report and literature review | Journal of Disease and Global Health; 2016. 7(4): 197-201. | 2013 (3) |
| 3 | **Mitevski A**, Antovic S, Kuzmanovska B, Jankulovski N | Bilateral inguinal hernia, laparoscopic repair with single mesh (case series). | Acta Morphologica; 2014. 11(1): 54-55. | 2005 (11) |
| 4 | **Митевски А**, Антовиќ С, Кузмановска Б, Јанкуловски Н | Лапароскопска ингвинална херниопластика | Мак. Мед. Преглед; 2014. 68(3): 150-154 | 1946 (70) |
| 5 | Jankulovski N, Antovic S, Petrusevska G, Rusiti K, Kostovski O, **Mitevski A**, Stojanovic A. | Laparoscopic versus open splenectomy: a single center eleven years experience. | Acta. Clin. Croat; 2013. 52: 229-234 | 1962 (54) |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Доктор Александар Митевски е избран за помлад асистент по предметот Хирургија на Факултетот за медицински науки во Штип од 2009 година, од 2012 година за асистент, а од 2014 година за стручно лице од пракса во областа хирургија. Има искуство во наставно-образовната дејност со студенти на медицина, стоматологија и високите стручни студии од Факултетот за медицински науки при УГД во Штип.

Во Клиничката болница во Штип, каде што е редовно вработен, држи консултации со студентите на медицина во рамките на здравствената клиничка пракса.

Учествува во домашни научноистражувачки проекти од областа на хирургијата. Автор е на повеќе трудови од областа на општата и дигестивната хирургија. Учествува со свои изложувања на голем број стручни собири, конгреси, симпозиуми во земјава и во странство. Има неколку стручни престои во странство: Анкара, Труција, Лугано, Швајцарија и Риека, Хрватска.

Завршува специјализација по општа хирургија во 2009 година и супспецијализација по абдоминална хирургија во 2014 година на Медицинскиот факултет во Скопје. Работи во областа на абдоминалната хирургија и е посветен на воведувањето на минимално инвазивните техники – лапароскопијата. Докторските студии ги завршува во јули 2016 година.

**СПИСОК НА ОБЈАВЕНИ ТРУДОВИ**

**Публикации во списанија со меѓународен уредувачки одбор:**

1. Antovic S, Mitevski A, Karagjozov A, Kuzmanovska B, Jankulovski N. New technique of compression anastomosis in colorectal surgery – first results in 25 patients in Macedonia. Contributions; 2016.XXXVII 1: 75-83. Трудот претставува приказ на воведена нова техника во Р. Македонија за воспоставување на континуитет на дигестивниот тракт и првичните резултати на 25 пациенти.
2. Mitevski A, Pop Dimitrov A, Jankulovski N. Primary diffuse large B cell lymphoma of the common bile duct: a case report and literature review. Journal of Disease and Global

Health; 2016. 7(4): 197-201. Трудот претставува ревиски приказ на појавата на големоклеточен Б лимфом на билијатните патишта, во светот се опишани 7 случаи, и приказ на единствениот опишан случај во Р. Македонија.

3. Mitevski A, Antovic S, Kuzmanovska B, Jankulovski N. Bilateral inguinal hernia, laparoscopic repair with single mesh (case series). Acta Morphologica; 2014. 11(1): 54-55. Во трудот се опишува лапароскопска техника за поправка на ингвинална хернија, опфатени се случаи на пациенти со обострани ингвинални хернии кои се третирани со единечна протеза, метода која е првпат изведена во нашата држава. Направена е презентација на резултатите и споредени со слични студии.
4. Митевски А, Антовиќ С, Кузмановска Б, Јанкуловски Н. Лапароскопска ингвинална херниопластика. Мак. Мед. Преглед; 2014. 68(3): 150-154. Во трудот се претставени резултатите од студија за пациенти со еднострана ингвинална хернија третирани со лапароскопска ТАПП техника. Техниката која е претставена е една од двете техники кои се актуелни за поправка на ингвинални хернии.
5. Jankulovski N, Antovic S, Petrusevska G, Rusiti K, Kostovski O, Mitevski A, Stojanovic A. Laparoscopic versus open splenectomy: a single center eleven years experience. Acta. Clin. Croat; 2013. 52: 229-234. Трудот претставува 10-годишен ретроспективен преглед на спленектомијата на Клиниката за дигестивна хирургија во која е направена компарација на отворената и лапароскопската спленектомија преку времетраењето на оперативниот зафат, потребата од трансфузија на крв и хоспитализација.
6. Kuzmanovska B, Jankulovski N, Kartalov A, Shosholceva M, Tolevska M, Mitevski A. Respiratory complications in obese patients undergoing laparoscopic surgery. Physioacta; 2015. 9(3): 1-7.
7. Jankulovski N, Antovic S, Kuzmanovska B, Mitevski A. Splenectomy for haematological disorders. Contributions; 2014. XXXV 1: 181-189.
8. Mitevski A, Antovic S, Kuzmanovska B, Jankulovski N. Laparoscopic incisional hernia repair in obese patient: a case report. Мак. Мед. Преглед; 2013. 67(2): 115-117.
9. Митевски А, Антовиќ С, Костовски О, Рушити К, Јанкуловски Н. Предизвици на лапароскопската поправка на ингвинална хернија. Medicus; 2013. 18(1): 136-141.
10. Mitevski A, Antovic S, Kuzmanovska B, Jankulovski N. Multivisceral resection for advanced duodenal adenocarcinoma: a case report and review of literature. Contributions; 2013. XXXIV 2: 175-181.
11. Jankulovski N, Stankov O, Banev S, Petrovski D, Mickovski A, Mitevski A, Filipovski V, Popov Z. Isolated malignant peripheral nerve sheath tumor of kidney capsule. Contributions; 2008. XXIX 2: 361-369.

**Публикации во списанија со домашен уредувачки одбор:**

1. Гацова С, Митевски А, Гацова В. Перфорација на жолчно ќесе. Vox medici; 2016. 90: 433-435.
2. Митевски А. Дилеми за абортусот. Medicus: 2015. 23: 8-9.
3. Митевски А. Асептична некроза. Medicus: 2013. 17: 29.

**Публикации на конгреси, семинари и стручни состаноци:**

1. Кузмановска Б, Димитровски А, Митевски А, Карталов А, Спировска Т, Толевска М. Обезноста како ризик фактор на појава на пероперативни и постоперативни респираторни компликации. XIX конгрес на лекарите на Република Македонија со меѓународно учество. Скопје 2015.
2. Митевски А. Лапароскопска наспроти отворена ингвинална херниопластика; приказ на два случаи. Стручен состанок на Здружението на хирурзи на Р. Македонија. Штип, 2015.
3. Milev I, Mitevski A, Parizov D, Georgijev A, Karagjozov A. Clinical manifestation of Meckel’s diverticulum in adult population – a diagnostic enigma. IX Македонски конгрес по гастроентерологија и хепатологија со меѓународно учество. Охрид, 2012.
4. Mitevski A, Jankulovski N, Milev I, Georgijev A, Lazovski N. Rectal prolapse in 89 years old woman - case report. 7$^{th}$ Biannual international symposium of coloproctology. Belgrade, Serbia 2010.

5. Митевски А, Георгијев А, Лазовски Н, Денков Г, Милев И. Аденокарцином на почетен дел на јејунум кај 28-годишен пациент; презентација на случај. 3-ти конгрес на хирурзите на Македонија со меѓународно учество. Охрид, 2010.

**Приказ на докторската дисертација**

ЛАПАРОСКОПСКА НАСПРОТИ ОТВОРЕНА ИНГВИНАЛНА ХЕРНИОПЛАСТИКА - ИНФЛАМАТОРЕН ОДГОВОР И РАН КЛИНИЧКИ ИСХОД. Докторската дисертација, Медицински факултет во Скопје, УКИМ, 8 јули 2016 година.

Во студијата е направена компарација на лапароскопската ТАПП-техника со отворената Lichtenstein-техника за поправка на ингвинална хернија која претставува „златен стандард" за поправка на ингвиналната хернија. Резултатите и дискусијата укажуваат на помалата периоперативна болка, поретката појава на рани постоперативни компликации, пократка хоспитализација, подобар постоперативен функционален статус и реконвалесценција кај пациентите третирани со лапароскопска техника. Овие параметри кандидатот ги поврзува и го одредува и раниот клинички исход, кој е подобар кај лапароскопската ТАПП-техника. Корелација помеѓу раниот клинички исход и инфламаторниот одговор не е најдена. Споредбата на времетраењето на оперативниот зафат покажува дека е пократко кај пациентите кои се третирани со отворената Lichtenstein-метода во споредба со лапароскопската ТАПП-метода. Предност на лапароскопската ТАПП-метода се наоѓа и во можноста за интраперитонеалната експлорација и откривањето на окултните хернии чие третирање може да ја спречи натамошната симптоматологија и морбидитет.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Член е на Здружението на хирурзи на Р. Македонија, имал активна улога во организирањето на стручни состаноци организирани од Здружението на хирурзи на Р. Македонија. Член е на Болнички терапевтски комитет за лекови при ЈЗУ Клиничка болница – Штип , на Работна група за евалуација и имплементација на Упатството за безбедна хирургија во Република Македонија при Министерството за здравство и Стручната комисија за разгледување на случаи на пациенти болни од малигни заболувања ЈЗУ Клиничка болница – Штип.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Д-р Александар Митевски, вработен во Клиничката болница во Штип, е единствен пријавен кандидат на Конкурсот за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област дигестивна хирургија на Факултетот за медицински науки при УГД - Штип.

Од целокупно наведената наставна, научноистражувачка и стручно-апликативна, како и организациско-развојна дејност на кандидатот д-р Александар Митевски се гледа дека кандидатот ги исполнува условите на Законот за високо образование, како и на Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставно-научни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, за избор во звање доцент од областа дигестивна хирургија.

Имајќи го предвид горенаведеното, како и врз база на личното познавање на кандидатот, имаме чест на Наставно-научниот совет да му предложиме да го избере д**-р Александар Митевски во звање доцент по наставно-научната област дигестивна хирургија**.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Никола Јанкуловски, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Александар Караѓозов, член, с.р.**
**Проф. д-р. Милка Здравковска, член, с.р.**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ НА Д-Р АЛЕКСАНДАР МИТЕВСКИ

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | Избор во звање помлад асистент | 10 |
| 2. | Избор во звање асистент | 15 |
| | **ВКУПНО** | **25** |

| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| 1. | Труд со оригинални научни резултати, објавени во научно списание опфатено во (СЦИ/ЦА/останати) | 11x6 | | | | 66 |
| 2. | Секциско предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт | 1 | 2 | | | 2 |
| 3. | Одбранета докторска дисертација | 8 | | | | 8 |
| 4. | Студиски престој во странство | 8 | | | | 8 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **84** |

| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| 1. | Труд во стручно (научно-популарно списание) | 3 | 2 | | | 6 |
| 2. | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир | 4 | 2 | 1 | 3 | 11 |
| 3. | Техничко уредување | 3 | 2 | | | 6 |
| 4. | Член на институтски орган, комисија | 3x2 | | | | 6 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **29** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **138** |